управител

Прима:

Министерство за транспорт и врски

Република Северна Македонија

Архивски знак:
Рок на чување: год.
200__ год. Потпис

Барање за информација

Почитувани, како Економски оператор кој учествува во групна јавна набавка за посебен линиски превоз на ученици ја бараме од Вас следната информација:

Како понудувач/конкурент во постапка го имаме Економскиот оператор: Одговорно Дооел Роз-Руб Транс со адреса на ул.

Имаме сознание дека истиот Економски оператор не ги вратил важечки дозволи за меѓуопштински превоз кои му се одземени со правосилна судска пресуда и е покрената управна постапка за одземање на лиценца за вршење на јавен превоз во внатрешниот патен сообраќај.

Бараме од Вас согласно член 99 став 7 од Законот за јавни набавки на Република Северна Македонија и Ве замолуваме да ни дадете информација дали горенаведениот економски оператор има **важечка и валидна** лиценца за вршење на јавен превоз во внатрешниот патен сообраќај со вид на превоз слободен и посебен линиски превоз на патници, бидејќи на системот на ЕСЈН се прикачуваат скенирани истите документи и немаме информација за нивната валидност или одземање.

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер добиено на 17.12.2021 година од [illegible] транспорт и врски под бр. 02-7750/1 на 17.12.2021 година, се уважува.

**Образложение:**

До Министерството за транспорт и врски барателот Славко Алексоски – „Најс травел" ДООЕЛ од Прилеп достави Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со бараната информација. Имено, Ве известуваме дека превозникот „Роз-руб-транс" од Кривогаштани има важечка и валидна лиценца за внатрешен слободен и посебен линиски превоз на патници, со датум на важење до 20.08.2022 година.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 02.02.2022 година под број 16-792/1 во Министерство за транспорт и врски.

**Министер за транспорт и врски**
**Благој Бочварски**

Изготвил: Драган Симоновски
Овластено лице за посредување со информациите од јавен карактер
што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски

...ика Македонија се Вериit
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: | 17. 01. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број Numri | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 16 | 339/1 | | |

До Министерство за транспорт и врски
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Број на добиени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2021.
- Број на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за кои имате дадено:
  - Целосно одобрен пристап до бараната информација;
  - Делумно одобрен пристап до бараната информација;
  - Одбиено пристап до бараната информација.

- Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "државна тајна" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "строго доверливо" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "доверливо" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "интерно" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "за ограничена употреба" во 2021.
- Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, во 2021.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
**(г) електронски запис**
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон

д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер добиено на 17.01.2022 година од барателот „Фондација за интернет и општество Метаморф[illegible] бр. 40 - Скопје, заведено во Министерството за транспорт и врски под бр. 16-339/1 на 17.01.2022 година, се уважува.

### Образложение:

До Министерството за транспорт и врски барателот „Фондација за интернет и општество Метаморфозис" од Скопје достави Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со бараната информација.

Имено, Ве известуваме дека во текот на 2021 година до Министерството за транспорт и врски се доставени вкупно 47 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер , од кои позитивно се одговорени 35, а неодговорени 12 барања. Нема одбиени барања.

Во однос на информациите кои се означени со некој од степените на класификација на информацијата, во 2021 година такви имало вкупно 15, од кои со степенот „строго доверливо": 3, со степенот „доверливо": 6 и со степенот „интерно": 6. Нема информации кои се означени со степените „државна тајна" и „за ограничена употреба", ниту пак информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 02.02.2022 година под број 16-339/2 во Министерство за транспорт и врски.

**Министер за транспорт и врски**
**Благој Бочварски**

Изготвил: Драган Симоновски
Овластено лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

16 - 248/1

До: **Министерство за транспорт и врски**
**Министер: Благој Бочварски**

**Институција/Адреса**
Ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје

**ПРЕДМЕТ**: Барање на информации

Почитувани,

Граѓанското здружение на граѓани Легис од Скопје, прави анализа на одговорот на пандемијата и пристапот до правото на здравје за мигранти и бегалци како дел од регионалното истражување кое се одвива во Северна Македонија, Србија и Босна и Херцеговина, односно западно-балканската нерегуларна миграциска рута. Анализата ќе придонесе за идентификување на преземените мерки, правни и други пречки во заштитата на човечките ресурси на мигрантите и бегалците, фокусирајќи се на пристапот до правото на здравје во рамките на мерките за превенција и/или лекување за време на пандемијата на вирусот КОВИД-19. Финансиската поддршка за проектот е обезбедена од Балканскиот Фонд за Демократија.

За потребите на истражувањето и Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

10 февруари, 2022

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот

**Образложение**

До Министерството за транспорт и врски барателот Здружение на граѓани „Центар за граѓански комуникации", ул. „Џон Кенеди" б.б. од Скопје ...

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со дел од бараните информации.

Имено, во однос на Вашето прашање бр. 6, кое се однесува на тоа дали и колку од вкупниот број на вработени при Министерството за транспорт и врски биле со симптоми, а колку се регистрирани како позитивни на вирусот КОВИД-19, Ве информираме дека, согласно увидот во редовностите од период 01.03.2021 до 01.12.2022 биле регистрирани 40 лица од вкупно 253 вработени.

Во однос на сите останати прашања во Вашето барање, а во согласност со член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), копија од барањето е препратена на понатамошно постапување до „Железници на Република Северна Македонија Транспорт" А. Д. Скопје, од причина што Министерството за транспорт и врски не располага со бараните информации.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 10.02.2022 година под број 16-8413/2 во Министерство за транспорт и врски.

Министер за транспорт и врски
Благој Бочварски

Изготвил: Драган Симоновски
Овластено лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски



Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

**До:**
**Министерство за транспорт и врски**
**Ул. Даме Груев бр.6, 1000 Скопје**
**(02)3145-497**
**(02)3123-292**
**(02)3126-228**
**Службено лице:**
**Татјана Лабовиќ**
**Емаил: tatjana.labovic@mtc.gov.mk**
**info@mtc.gov.mk**

Архивски знак
Рок на чување
год.
200__ год.
Потпис,

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup
Примено / Pranuar: 21. 01. 2022
Орг. единица / Njësia | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
16 - 540/1

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/ 1.2.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ова барање ќе ви биде доставено и по електронски пат на горенаведените емаилови. Ве молиме

1. Ве молиме да не информирате за бројот на доделени станови за социјално ранливи групи, по градови

| Градови | 2021 година | Вкупно доделени станови | Вкупно доделени станови на Роми |
|---|---|---|---|
| | | | |

2. Ве молиме да не информирате за бројот на доделени станови според времен закуп

| Градови | 2021 година | Вкупно доделени станови | Вкупно доделени станови на Роми |
|---|---|---|---|
| | | | |

3. Ве молиме да не информирате за бројот на доделени станови по други основи

| Градови | 2021 година | Вкупно доделени станови | Вкупно доделени станови на Роми |
|---|---|---|---|
| | | | |

4. Ве молиме да не информирате за активностите во врска со поддршката за имплементација на Декадата и Стратегијата за Роми според буџетот на РСМ 13001 за 2021 година.

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

16-540/2

14 февруари, 2022

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот „Институт

година, се уважува.

## Образложение:

До Министерството за транспорт и врски барателот „Институт за истражување и

пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со бараните информации.

Имено, во однос на барањата наведени во дописот бр. 0801-13/6 од 21.01.2022 година кој се однесува на податоци / информации од доменот на станбената проблематика - барања во врска со распределбата и доделувањето на социјалните станови под закуп кои се изградени по Проектот за домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674 и истите се наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи кои се станбено необезбедени, како и по однос на превземените активности во врска со поддршката за имплементација на Декадата и Стратегијата за Роми согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Ве известуваме за следното:

Во текот на 2021 година од страна на Министерството за транспорт и врски спроведена е постапка за распределба и доделување под закуп на социјални станови во градот Струмица согласно објавениот оглас на ден 21.04.2021 година, при што распределени се вкупно 11 социјални станови во следниве категории:

- Деца без родители или родителска грижа-лица над 18 години кои до својата осумнаесетта година биле згрижени во институции и други облици за згрижување за деца без родители - (1 стан)
- Корисници на правото на гарантирана минимална помош – (4 стана)
- Лица со попреченост и семејства со лица со попреченост – (4 стана)
- Самохрани родители со малолетни деца – (2 стана)


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Министерството за транспорт и врски не е во можност да даде податоци за бројот на Роми на кои им се доделени социјални станови под закуп, од причина што не располагаме со податоци за етничката припадност на апликантите односно податоци по националност.

Воедно, Ве известуваме дека социјалните станови се распределуваат и доделуваат под закуп врз основа на Одлука донесена од Владата на Република Северна Македонија, согласно која корисниците на социјалните станови се определени во 6 (шест) социјално ранливи категории кои се станбено необезбедени и тоа:

1. Деца без родители или родителска грижа -лица над 18 години кои до својата осумнаесетта година биле згрижени во институции и други облици за згрижување за деца без родители,
2. Корисници на правото на гарантирана минимална помош,
3. Лица погодени од елементарни - природни непогоди без разлика на правниот статус на нивните постојни (примарни) живеалишта,
4. Лица со попреченост и семејства со лица со попреченост,
5. Лица припадници на Ромската заедница социјално загрозени согласно Стратегијата за Ромите на Република Северна Македонија и
6. Самохрани родители со малолетни деца.

Во однос на барањето за преземените активности во врска со поддршката за имплементација на Декадата и Стратегија за Роми според Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Ве известуваме за следното:

Од страна на Владата на Република Северна Македонија (на предлог на Министерството за транспорт и врски) донесена е Програма за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијта за Ромите за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 182/ 21). Со оваа програма се реализираат активностите за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите за 2021 година. Средствата за реализација на оваа програма се утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 307/20 и 171/21), раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, во износ од 18.000.000,00 денари. Средствата од оваа програма се користат за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со Ромско население, односно корисници на средствата од оваа програма се единиците на локална самоуправа во кои има места населени со претежно Ромско население.

Согласно горенаведената Програма, од страна на Министерството за транспорт и врски на ден 05.08.2021 година објавен е Јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година. Од страна на Владата на Република Северна Македонија донесена е Одлука за распределба на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година за поддршка на


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 269/21) согласно која распределени се средства во вкупен износ од 14.924.427, 00 денари во следните општини: Крива Паланка, Кавадарци, Прилеп, Кочани, Ранковце, Делчево и Шуто Оризари.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 14.02.2022 година под број 16-540/2 во Министерство за транспорт и врски.

Министер за транспорт и врски
Благој Бочварски

Изготвил: Драган Симоновски
Овластено лице за посредување со информациите од јавен карактер
што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски



Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение на [redacted] 17.01.2022 година, се уважува.

### Образложение

До Министерството за транспорт и врски барателот Здружение на граѓани „Центар за [redacted] информации од јавен карактер, кое гласи:

1) „ Кои национални политики (стратегии, закони и програми) беа усвоени во текот на 2021 година во секторот транспорт?
2) Кои национални политики (стратегии. закони и программ) беа изменети и дополнети во текот на 2021 година во секторот транспорт?
3) Доставете ни копија од листа (или линк каде е објавена) од бројот на пленарни состаноци кои ги одржа Секторската работна група за транспорт во текот на 2021 година. Ве молиме посочете ги точните датуми на одржувагье на пленарните состаноци.
4) Доставете ни копија од листа (или линк каде е објавен) од бројот на оперативни состаноци кои ги одржа Секторската работна група за транспорт во текот на 2021 година. Ве молиме посочете ги точните датум и на одржување на оперативните состаноци.
5) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од записниците од сите пленарни состаноци на Секторската работиа група за транспорт, одржани во текот на 2021 година.
6) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од записниците од сите оперативни состаноци на Секторската работна група за транспорт одржани во текот на 2021 година.
7) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од материјалите кои биле разгледувани на пленарните состаноци на Секторската работна група за транспорт (за секој состанок поединечно), одржани во текот на 2021 година.
8) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од материјалите кои биле разгледувани на оперативните состаноци на Секторската работиа група за транспорт (за секој состанок поединечно), одржани во текот на 2021 година.
9) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од дневните редови од сите пленарни состаноци на Секторската работна група за транспорт, одржани во текот на 2021 година.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

10) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од дневните редови од сите оперативни состаноци на Секторската работна група за транспорт, одржани во текот на 2021 година.
11) Доставете ни копија од листа на граѓански организации, експерти и надворешни соработници кои биле поканети на пленарните состаноци на Секторската работна група за транспорт, во текот на 2021 година.
12) Доставете ни копија (или линк каде е објавен) од Годишниот план за работа за Секторската работна група за транспорт за 2022 година.
13) Доставете ни копија (или линк каде е објавен) од Годишниот извештај за работа за Секторската работна група за транспорт за 2021 година.
14) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од последната ажурирана верзија на Стратешките одговори (Strategic Response) поврзан и со работата на Секторската работна група за транспорт.
15) Доставете ни копија од документ (или линк каде е објавена) од моменталниот број на пополнети работни места во ИПА секторот/одделението, поделени по звања согласно позитивната законска рамка и пол.
16) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од последната ажурирана верзија на Акциските фишеа поврзани со работата на Секторската работна група за транспорт.
17) Доставете ни копија (или линк каде се објавени) од последниот ажуриран Акциски документ поврзан со работата на Секторската работ на група за транспорт.
18) Дали во рамки на Министерството за транспорт и врски во текот на 2021 година биле организирани обуки за родово одговорно/родово сензитивно работење? Доколку се организирани, доставете ни информации за тоа кој ги организирал овие обуки, дневен ред, материјалите за обуките, како и информација дали на обуките присуствувале некои од вработените во министерството - членови на секторската работна група за транспорт.
19) Дали при креирањето на политики во текот на 2021 година од страна на Министерството за транспорт и врски биле изработени и/или користени родови анализи? Ако одговорот на ова прашање е потврден, доставете ни ги како одговор на ова барање.
20) Дали и на кој начин, во текот на 2021 година, во работата на секторската работна група за транспорт биле вклучени координатор(к)ите или заменик-координатор(к)ите за еднакви можност и и/или надворешни експерти кои работат на унапредување на родовата
21) Дали во текот на 2021 година во работата на секторската работна група за транспорт учествувале претставници на граѓански организации кои работат на унапредување на родовата еднаквост и/и ли женски граѓански организации (организации кои во фокусот на својата работа го имаат унапредувањето на родовата еднаквост)?
22) Дали секторската работна група за транспорт во текот на 2021 година има изготвено акциски документ за некоја од акциските програми на ИПА III каде е вклучена родовата перспектива? Дали при изготвувањето на акцискиот документ биле изработени и користени родови анализи? Доколку одговорот на овие прашања е потврден, доставете ни ги како одговор на ова барање."


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со бараните информации.

Во однос на Вашето прво и второ прашање, Ве известуваме Ве известуваме дека согласно податоците со кои располага Секторот за нормативни и правни работи во 2021 се донесени следните национални политики:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 174/21)
- Закон за дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 288/21).
- Закон за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21)
- Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21)
- Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 8/21)
- Изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 128/21)
- Изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/21) и
- Изменување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 299/21).

Во однос на Вашето трето прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт не одржува посебни пленарни или оперативни состаноци туку редовни состаноци. Во текот на 2021 година беше одржан еден редовен состанок на 23.06.2021 година на тема: Статешкиот одговор, Акцискиот документ ЕУ за подобар транспорт (предлог-проекти за ИПА 3), програмиран во рамки на ИПА 3 Годишната акциска програма за 2022 година. Во однос на објавувањето, како што ве информиравме во повеќе наврати претходно, согласно тековниот нацрт-деловник за работа на СРГТ воопшто не постои таква обврска. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно ќе биде опфатен.

Во однос на Вашето четврто прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт не одржува посебни пленарни или оперативни состаноци туку редовни состаноци. Во текот на 2021 година беше одржан еден редовен состанок на 23.06.2021 година на тема: Статешкиот одговор, Акцискиот документ ЕУ за подобар транспорт (предлог-проекти за ИПА 3), програмиран во рамки на ИПА 3 Годишната акциска програма за 2022 година.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Во однос на Вашето петто прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт не одржува посебни пленарни или оперативни состаноци туку редовни состаноци. Во однос на објавувањето на записниците, како што ве информиравме во повеќе наврати претходно, согласно тековниот нацрт-деловник за работа на СРГТ воопшто не постои таква обврска. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно ќе биде опфатен. Исто така записниците од состаноците не се објавуваат од причина што во текот на состаноците се разменуваат податоци кои се доверливи и кои може сериозно да наштетат на евентуална идна тендерска постапка. Записниците во пракса се споделуваат со сите присутни на состанокот со цел добивање забелешки или коментари во врска со содржината на истите. Во 2021 година на одржаниот состанок тема беше: Статешкиот одговор, Акцискиот документ ЕУ за подобар транспорт (предлог проекти за ИПА 3), програмиран во рамки на ИПА 3 Годишната акциска програма за 2022 година и записникот од истиот беше споделен со сите лица кои присуствуваа на состанокот. Во прилог ви го доставуваме записникот од состанокот во 2021 година.

Во однос на Вашето шесто прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт не одржува посебни пленарни или оперативни состаноци туку редовни состаноци. Во однос на објавувањето на записниците, како што ве информиравме во повеќе наврати претходно, согласно тековниот нацрт-деловник за работа на СРГТ воопшто не постои таква обврска. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно ќе биде опфатен. Исто така записниците од состаноците не се објавуваат од причина што во текот на состаноците се разменуваат податоци кои се доверливи и кои може сериозно да наштетат на евентуална идна тендерска процедура. Записниците во пракса се споделуваат со сите присутни на состанокот со цел добивање забелешки или коментари во врска со содржината на истите. Во 2021 година на одржаниот состанок тема беше Статешкиот одговор, Акцискиот документ ЕУ за подобар транспорт (предлог проекти за ИПА 3), програмиран во рамки на ИПА 3 Годишната акциска програма за 2022 година и записникот од истиот беше споделен со сите лица кои присуствуваа на состанокот. Во прилог е записникот од состанокот во 2021 година.

Во однос на Вашето седмо прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт не одржува посебни пленарни или оперативни состаноци туку редовни состаноци. Во однос на објавувањето на материјлаите, како што ве информиравме во повеќе наврати претходно, согласно тековниот нацрт-деловник за работа на СРГТ воопшто не постои таква обврска. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно ќе биде опфатен Материјалите за состаноците не се споделуваат со лица надвор од СРГТ ниту објавуваат од причина што во истите некогаш се содржат податоци кои не секогаш се за јавност или се документи кои не се во финална верзија или не се усвоени од страна на Влада. На состанокот во 2021 година беше Статешкиот одговор, Акцискиот документ ЕУ за подобар транспорт (предлог проекти за ИПА 3), програмиран во рамки на ИПА 3 Годишната акциска програма за 2022 година. За добивање на матријалите ве упатуваме да го побарате од СЕП (НИПАК) како надлежна институција за подготовка и достава на истиот.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Во однос на Вашето осмо прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт не одржува посебни пленарни или оперативни состаноци туку редовни состаноци. . Во однос на објавувањето на материјалите, како што ве информиравме во повеќе наврати претходно, согласно тековниот нацрт-деловник за работа на СРГТ воопшто не постои таква обврска. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно ќе биде опфатен. Исто така материјалите за состаноците не се споделуваат со лица надвор од СРГТ ниту објавуваат од причина што во истите некогаш се содржат податоци кои не секогаш се за јавност или се документи кои не се во финална верзија или не се усвоени од страна на Влада. На состанокот во 2021 година беше разгледуван Акцискиот документ ЕУ за подобар транспорт, програмиран во рамки на ИПА III Годишната акциска програма за 2022 година. За добивање на материјалите ве упатуваме да го побарате од СЕП (НИПАК) како надлежна институција за подготовка и достава на истиот.

Во однос на Вашето деветто прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт не одржува посебни пленарни или оперативни состаноци туку редовни состаноци. Во однос на објавувањето на дневните редови, како што ве информиравме во повеќе наврати претходно, согласно тековниот нацрт-деловник за работа на СРГТ воопшто не постои таква обврска. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно ќе биде опфатен Дневниот ред за состанокот одржан во 2021 година ви го праќаме во прилог.

Во однос на Вашето десетто прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт не одржува посебни пленарни или оперативни состаноци туку редовни состаноци. Во однос на објавувањето на дневните редови, како што ве информиравме во повеќе наврати претходно, согласно тековниот нацрт-деловник за работа на СРГТ воопшто не постои таква обврска. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно ќе биде опфатен. Дневниот ред за состанокот одржан во 2021 година ви го праќаме во прилог.

Во однос на Вашето единаесетто прашање, Ве информираме дека Од страна на Центар за граѓански комуникации беа наведени следните организации кои изразиле интерес за учество во СРГТ ( и истите беа уредно поканети на последниот состанок одржан на 23.06.2021 година):

- Центар за истражување и информирање за животна средина „Еко-свест" Скопје,
- ЛАГ Агро Лидер Кривогаштани ,
- Здружение за промовирање и информирање во областа на одржливиот транспорт, мобилноста и заштита на зелената околина – ЕУРОМОБИЛНОСТ и
- Здружение институт за социолошко истражување и одржлив развој ИСИОР Струга.

Во однос на Вашето дванаесетто прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт нема годишен план за работа односно нема обврска да подготвува согласно постоечкиот нацрт-деловник за работа, состаноците се закажуваат периодично и по потреба. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно

ќе биде опфатен. Дополнително НИПАК во соработка со Делегација на ЕУ доставува предлог за датуми на состаноци по потреба.

Во однос на Вашето тринаесетто прашање, Ве информираме дека Секторската работна група за транспорт нема обврска да изготвува и да објавува годишен извештај за работа согласно постоечкиот нацрт-деловник за работа. Во ревидираните деловници, чиј процес на ревидирање го води СЕП и е во тек, овој дел веројатно ќе биде опфатен.

Во однос на Вашето четиринаесетто прашање, Ве информираме дека Не постојат Стратешки одговори (Strategic response) поврзани со работата на Секторската работна група за транспорт. Доколку мислите на Стратешкиот одговор за ИПА 3 ве упатуваме да го побарате од СЕП (НИПАК) како надлежна институција за подготовка и достава на истиот.

Во однос на Вашето петнаесетто прашање, во прилог на ова Решение Ви доставуваме табеларен преглед на работните места во Секторот за Европска Унија во Министерството за транспорт и врски.

Во однос на Вашето шеснаесетто прашање, Ве информираме дека не постојат Акциски фишеа поврзани со работата на Секторската работна група за транспорт. Доколку мислите на Акциските фишеа за проектите во рамки на ИПА 3 за 2022 ве упатуваме да ги побарате од СЕП (НИПАК) како надлежна институција за достава на истите, доколку воопшто може да го споделат со оглед на сензитивноста на податоците.

Во однос на Вашето седумнаесетто прашање, Ве информираме дека не постои Акциски документ поврзан со работата на Секторската работна група за транспорт. Доколку мислите на Акцискиот документ ЕУ за подобар транспорт, програмиран во рамки на ИПА III Годишната акциска програма за 2022 година ве упатуваме да го побарате од СЕП (НИПАК) како надлежна институција за достава на истиот.

Во однос на Вашето осумнаесетто прашање, Ве информираме дека во Министерството за транспорет и врски не биле организирани обуки за темата наведена во прашањето.

Исто така, во однос на Вашето деветнаесетто прашање, Ве информираме дек ВО Министерството за транспорт и врски не се изработени или користени родови анализи. Истовремено, ве инфомрираме дека согласно нацрт-стратешкиот план на Министерството за транспорт и врски за периодот 2022-2024 година во делот кој се однесува на еднакви можности на мажите и жените, планирани се мерки за вклучување на родово-одговорното буџетирање во неколку програми, односно проектни активности, пред сè кај активностите кои имаат социјална димензија, како што се изградбата и распределбата на социјалните станови Нацрт-стратешкиот план на Министерството за трансрпорт и врски е јавно достапен на интернет-страницата на министерството.

Во однос на Вашето дваесетто прашање, Ве информираме дека досега на состаноци на СРГТ не биле вклучени координатор(к)ите или заменик-координатор(к)ите за еднакви


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

можност и и/или надворешни експерти кои работат на унапредување на родовата еднаквост. Селекција на проектите се врши согласно мултикритерна методологија изработена од ЕУ консултанти, односно експерти во оваа област и во која се аплицираат релевантни фактори за економско, социјално и влијание врз животната средина како релевантни критериуми за избор на приоритетни проекти во ресорот транспорт. Селекцијата ниту придонесува кон дискриминација по родова компонента, ниту фаворизира определена група. Притоа, во секој проект поединечно, но и на ниво на Оперативна програма постои дел за родова еднаквост и недискриминација.

Дополнително, согласно член 11 став 6 од Законот за еднакви можности: „Координаторот и заменикот координатор од ставот (5) на овој член е одговорен за спроведување на должностите во надлежност на државниот орган за воспоставување на еднакви можности во смисла на овој закон, дава мислења и предлози за промовирање и унапредување на еднаквите можности во рамките на наделжностите на државниот орган и во исполувањето на своите задачи се координира и соработува со Министерството за труд и социјална политика." од каде што е јасно дека надлежноста на ова лице е во рамки на надлежностите на државниот орган и неговото формирање и спроведување политики, а не во рамки на СРГ.

Во однос на Вашето дваесет и прво прашање, Ве информираме дека во рамки на новиот тековен проект „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите" по барање податоци од страна на Министерство за транспорт и врски за граѓански организации кои би можеле да бидат поканети на состаноци на СРГТ, од страна на Центар за граѓански комуникации беа наведени следните организации кои изразиле интерес за учество во СРГТ ( и истите беа уредно поканети на последниот состанок одржан на 23.06.2021 година):

- Центар за истражување и информирање за животна средина „Еко-свест" Скопје
- ЛАГ Агро Лидер Кривогаштани
- Здружение за промовирање и информирање во областа на одржливиот транспорт, мобилноста и заштита на зелената околина – ЕУРОМОБИЛНОСТ
- Здружение институт за социолошко истражување и одржлив развој ИСИОР Струга

Во однос на Вашето последно прашање, Ве информираме дека Секторската група за транспорт нема изготвено Акциски план за програмските документи за ИПА III, каде е вклучена родовата перспектива. Во оваа насока напоменуваме дека и во досегашната пракса во ИПА 1 и ИПА 2, а продолжувајќи во ИПА 3 при подготовката на сите програмски и документи поврзани со проектирање се зема во предвид родовата еднаквост и почитување на принципот за недискриминација.

За програмирање на ИПА 3 изготвени се и пратени Стратешки одговор за повеќе сектори и акциски фишеа за предлог проекти за финансирање во 2022 година. Наведените документи може да ги побарате од Секретаријат за европски прашања како надлежна институција за достава на истите до Европска Комисија.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 02.02.2022 година под број 16-374/2 во Министерство за транспорт и врски.

**Министер за транспорт и врски**
**Благој Бочварски**

Изготвил: Драган Симоновски
Овластено лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски

Republic of Macedonia
**Government of the Republic of Macedonia**
Secretariat for European Affairs

[redacted]

**SECTOR WORKING GROUP TRANSPORT**

**Date:**

**23.06.2021**

**Duration:**

**14.00h-16.00**

**Online WEBEX meeting**

| **DRAFT AGENDA** | |
|---|---|
| [redacted] | |
| 14.00-14.20 | Ministry of Transport and Communications |
| 14.20-14.40 | Mr. Nicola Bertolini, Head of Cooperation at the European Commission Delegation in Skopje, Republic of North Macedonia |
| [redacted] | |
| 14.40 – 15.20 | Ministry of Transport and Communications |
| [redacted] | |
| 15.20 – 15.40 | Discussion |
| [redacted] | |

Republic of North Macedonia
**Ministry of Transport and Communications**
Department for European Union

# MINUTES OF THE MEETING OF THE SECTOR WORKING GROUP FOR TRANSPORT (SWGT)
held on June 23rd, 2021

The topic of the meeting was the presentation and discussion of the IPA 3 Action Document for 2022 for the project proposals from the transport sector (rail and road).

Opening words were given by the Mr. Darko Miceski, IPA coordinator for transport who gave a brief insight of the process for drafting the document and the consultation process carried out among the stakeholders regarding the previous selection of the projects.

An address was also given by Mr. Steffen Hudolin from the EU Delegation, regarding the activities related to the IPA 3 programming and the foreseen timelines.

Regarding the projects foreseen in the IPA 3 Action Document for 2022 the floor was given next to the representative from the final beneficiaries: Public enterprise for state roads (PESR) and Public enterprise for railway infrastructure (PERI).

Mr. Joze Jovanovski (PESR) elaborated on the road projects foreseen and gave an info on the developments in the past year. An explanation was given that the previously proposed projects for technical assistance for preparation of project documentation (Construction of Motorway A3, Section Prilep – Bitola and Upgrade of section Tetovo-Gostivar on Corridor X) are now substituted with two new projects for technical assistance for preparation of project documentation (Construction/upgrading of motorway section Katlanovo - Veles on right carriageway and Construction of express way section Stracin - Romanovce located on the route of EU Corridor VIII). The substitution is due to the Government decision that the former two proposed projects will now be a part of another international contract. The projects were selected based on the consultation among MoTC, PESR and EUD and having in mind the Single Project Pipeline-SPP ranking. They are both part of the TEN-T network and currently are not on a motorway level standard. Currently there is no design documentation and activities are necessary to be initiated in order to have mature project documentation for further financing and implementation. Mr. Jovanovski additionally repeated that in the PESR there are currently on-going activities for establishment of a separate IPA department which is expected to facilitate the work on the EU funded projects in the road sector and to increase the pace and quality for submission of the tender dossiers. This is related also to the project for replacement of guardrails on Corridor 10 for which the 1st phase will be implemented under IPA 2 and the 2nd phase as part of IPA 3.

Based on this, Mr. Hudolin (EUD) pointed out that it is imperative to move forward with the submission of the tender documents for the foreseen projects under the Procurement plan 2014-2020 in order to show progress in the transport sector portfolio.

Mr. Driton Rusi (PERI) gave a description of the rail projects foreseen under the IPA 3 AD for 2022 which are related to Rehabilitation/reconstruction of bridges and structures along railway Corridor X and Capacity extension of the railway border crossing Tabanovce, Bogorodica, Kremeinca, Blace. The communication with the consultants is on-going and a meeting was also held in the morning of June 23rd 2021 regarding the clarification of issues and coordination for the next steps under the work plan. It was foreseen for the consultants to submit the strategy report by the end of the week (June 25th 2021) and to propose the level of design which will be required in the next stage, as well as prioritization of structures on an MCA basis and scale of the projects in order to comply with the previously identified indicative budget for the 2022 projects.

Regarding the IPA 3 projects, Mr. Anthony Robert from the EUD shared that the consultants are already working under the framework contract for preparation of ToRs for the road and rail projects for 2022. Based on the programme under the FWC and the submission of the strategy report additional data can be included in the AD regarding the prioritized bridges and structures and the scale of work needed identified for the railway border crossings.


Ministry of transport and communications of the Republic of North Macedonia
"Crvena Skopska opstina" nr. 4, Skopje Republic of North Macedonia
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Согласно Компонента 2 од проектот предвидено е организирано следење на имплементацијата на препораките од Проценката на ранливост од корупција во државните институции со надлежност во обаста на просторно планирање, урбанизам и градба во текот на двата квартали (јануари-јуни 2002 година и јули-септември 2022).

Имајќи го предвид член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РМ бр. 13/06; бр. 86/08; бр.6/10 и бр. 42/14), од Насловот потребно е да ни доставите информација во кој обем се спроведени препораките од измени на законскиот текст.

Имено, потребна ни е информација дали постои објава за измена во службен весник на законскиот текст, какви дејствија и активности се преземени во смисла дали постои иницијатива за измена на одредени членови согласно препораките од погореспомнатиот проект, дали е донесен некој подзаконски акт или правилник на следните закони:

- Закон за урбаистичко планирање, број на службен весник: 32/2020 од 10.02.2020;
- Правилник за урбанистичко планирање, број на службен весник: 225 од 18.09.2020;


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

- Закон за градење, Сл. весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и Сл. весник на РСМ бр. 244/19, 18/20 и 279/20;
- Закон за градежно земјиште, Сл. весник на РМ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и Сл. весник на РСМ бр. 275/19."

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со бараните информации.

Имено, согласно податоците добиени од Секторот за дукументирање и управување со градежното земјиште при Министерството за транспорт и врски, во однос на Законот за градежно земјиште, Ве известуваме дека во моментот не се водат постапки за изменување и дополнување на истиот, со исклучок на доставените измени и дополнувања во текот на месецијте април и мај 2021 година, кои се однесуваа на предвидување одредби според кои нема да се наплачаат договорни казни за време на прогласена епидемија на „Ковид-19", но истите заклично со денешниот датум не се усвоени.

Согласно податоците добиени од Секторот за уредување на просторот, во однос на Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека Министерството за транспорт и врски подготви Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање. Истиот е објавен на интернет-страницата на Единствениот национален електронски регистер на прописи на Република Северна Македонија на 17.12.2021 година и сé уште е со отворен статус.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 05.04.2022 година под број 16-1892/2 во Министерство за транспорт и врски.

Со почит,

Драган Симоновски
По овластување на министерот, лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

До: Министерство за тр
ул. Плоштад Црвена Скопска Општина, бр. 4
1000 Скопје

Скопје - Shkup
Примено / Pranuar: 27. 04. 2022

| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 16- | 2709/1 | | |

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

... за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во Министерството за транспорт и врски, Капетанија на пристаништата-Охрид и Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година и за секоја институција одделно?**
- Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во Министерството за транспорт и врски, Капетанија на пристаништата-Охрид и Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, **наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за започнување на работниот однос**, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година и за секоја институција одделно?**
- Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирале Министерството за транспорт и врски, Капетанија на пристаништата-Охрид и Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, **наведени по звање, образование, години на работно искуство, основ за започнување на работниот однос и траење на договорот (доколку и за што е возможно)** за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, **поединечно за секоја година и за секоја институција одделно?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

1) увид
2) препис
3) фотокопија
**4) електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

[redacted]

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

16 мај, 2022

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од барателот „... од Скопје, доставено преку електронска пошта и заведено во Министерството за транспорт и врски под бр. 16-2709/1 од 27.04.2022 година делумно се уважува.

## Образложение

До Министерството за транспорт и врски барателот ... слободен пристап до информации од јавен карактер со следната содржина:

„1. На колку вработени (во јавниот сектор) им престанал работниот однос во Министерството за транспорт и врски, Капетанија на пристаништа – Охрид и Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година и за секоја институција одделно?

2. Колку нови вработувања и преземања (од јавниот сектор) се направени во Министерството за транспорт и врски, Капетанија на пристаништа – Охрид и Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година и за секоја институција одделно?

3. Колку вработени на определено време, авторски договор и/или друг основ ангажирале Министерството за транспорт и врски, Капетанија на пристаништа – Охрид и Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, наведени по звање, образование, години на работно искуство и основ за престанок на работниот однос, за 2020, 2021 и првите 4 месеци од 2022 година, поединечно за секоја година и за секоја институција одделно?"

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со дел од бараните информаци.

Имено, во однос на прашањата кои се однесуваат на Министерството за транспорт и врски, Ве информираме дека согласно податоците со кои располага Одделението за


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

човечки ресурси, во 2020 година на 11 лица им престанал работниот однос во Министерството за транспорт и врски, од кои на 5 лица по основ на пензионирање (од нив, 2 со звање Советник - дипломиран инженер архитект и дипломиран економист, 1 со звање Раководител на одделение - дипломиран инженерархитект, 1 со звање Помошник раководител на сектор - дипломиран инженер архитект и 1 со звање Самостоен референт со средно гимназиско образование), а 6 лица имаат спогодбен престанок по нивно барање (од кои 3 лица со звање Советник, од нив еден дипломиран правник и двајца дипломирани инженери архитекти, 1 со звање Помлад соработник - дипломец по информатика и 2 лица со звање Виш соработник и двајцата дипломирани правници).

Во 2021 година на 14 лица им престанал работниот однос во Министерството за транспорт и врски од кои на 2 лица по основ на смрт (1 со звање Помошник раководител на сектор - дипломиран инженер архитект и 1 Раководител на одделение - дипломиран сообраќаен инженер), 3 лица по основ на пензионирања (2 со звање Советник и двајцата се дипломирани инженери архитекти, а 1 лице во звање Самостоен референт со средно гимназиско образование), 1 по основ на престанок на апанажа, Заменик Министер - дипломиран градежен инженер, а на 8 лица им престанал работниот однос по нивно барање (2 со звање Помлади соработници - еден дипломиран економис и еден дипломец по односи со јавност, 5 лица со звање Советници од кои 3 се дипломирани правници 1 инженер архитект и 1 инженер по информатика и 1 со звање Помлад референт со средно образование).

Во првите четири месеци од 2022 година на 2 лица им престанал работниот однос во Министерството за транспорт и врски од кои на 1 лице поради истек на мандат на функционер со звање Посебен советник на министерот - дипломиран правник и 1 лице поради спогодбено преземање во друга институција со звање Советник - дипломиран инженер архитект.

Во однос на Вашето второ прашање, Ве информираме дека во Министерството за транспорт во 2020 година биле вработени 4 лица од кои 1 лице по основ на именување - Заменик министер (дипломиран правник), 3 лица по јавен оглас на определено време на работно место Посебни советници на министерот од кои 2 дипломирани правници и 1 дипломиран инженер архитект и 1 лице е спогодбено преземено од друга институција со звање Советник - дипломиран инженер архитект. Исто така, биле склучени вкупно 4 авторски договори.

Во 2021 година се вработени 19 лица, од кои 1 вратено од мирување со звање Соработник - дипломиран градежен инженер, 10 лица се спогодбено преземени од друга инситуција од кои 1 со звање Советник - дипломиран инженер архитект, 1 со звање Раководител на одделение – дипломиран педагог, 1 со звање Соработник дипломец по образование, 4 со звање Помлади соработници (од кои 2 дипломци по образование , 1 дипломец по јавна управа и администрација и 1 дипломиран економист) и 3 лица со звање Помлади референти со средно образование. По јавен оглас вработени се 8 лица од кои 1 во звање Помошник раководител на сектор - дипломиран економист, 1 со звање Раководител на одделение - дипломиран правник и 5 со звање Советник (од кои 2 дипломирани правници, 1 сообраќаен инженер, 1 дипломиран инженер архитект и 1 дипломиран инженер по информатика), како и 1 со звање Помлад соработник - дипломец по дрвна индустрија. Исто така, биле склучени вкупно 4 авторски договори.

Во првите 4 месеци од 2022 година, по јавен оглас се распоредени 2 лица на работни места Посебни советници на министерот од кои 1 дипломиран правник и еден дипломиран инженер архитект. Исто така, биле склучени вкупно 4 авторски договори.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Во однос на Вашето трето прашање, Ве информираме дека во Министерството за транспорт и врски во 2020 година немало привремени вработувања, а во 2021 година имало 13 привремени вработувања (5 лица се дипломирани инженери архитекти, 1 лице е градежен инженер, 6 дипломирани правници и 1 дипломец по организациски науки), а во првите четири месеци од 2022 година има 11 привремени вработувања (4 лица се дипломирани инженери архитекти, 1 дипломиран градежен инженер, 5 дипломирани правници и 1 дипломец по организациски науки). Исто така Ве информираме дека во Министерството за транспорт и врски во 2020 година немало договори за дело, а во 2021 има две лица кои работат според договор на дело и во првите четири месеци од 2022 година има две лица кои работат според договор на дело.

Во однос на прашањата кои се однесуваат на Капетанијата на пристаништа – Охрид, Ве информираме дека Капетанијата на пристаништа е орган во состав на Министерството за транспорт и врски и нема својство на посебно правно лице, а согласно податоците со кои располага Одделението за управување со човечки ресурси, во периодот наведен во Вашите прашања, на едно лице по основ на пензионирање му престанал работниот однос и тоа во 2021 година (дипломиран правник со звање Раководител на одделение).

Во наведениот период нема нови вработувања по било кој основ, ниту пак договори на дело.

Во однос на Вашите прашања кои се однесуваат на и Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, Ве информираме дека ова тело не е во надлежност на Министерството за транспорт и врски и оттука не располагаме со бараните информации и затоа, во согласност со член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), копија од Вашето барање е препратено на понатамошно постапување до истиот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 16.05.2022 година под број 16-2709/2 во Министерство за транспорт и врски.

Министер за транспорт и врски
Благој Бочварски

Изготвил: Драган Симоновски
Овластено лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина" бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

57

Бр. 0302-9321/1
12.09 2022 год.
СКОПЈЕ

**До: Министерство за транспорт и врски**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 13.09.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. organizative | Број / Numri | Прилог / Bashkëngjitje | Вредност / Vlera |
| 16 | 5113/1 | .. | |

**БАРАЊЕ**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве молиме да ни ги доставите следните информации:

**Броевите на огласите на постапките за јавни набавки спроведени во 2021 и 2022 година во кошто сте побарале од економските оператори некоја од следниве три потврди (а поврзано со точка 169 од записникот од 171 седница на Владата на РСМ одржана на 16.12.2019 година):**

1. **Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување;**
2. **Потврда за склучен договор за преземање на обврска за постапување со отпадна опрема која е основа за ослободување од плаќање надоместок за управување со отпадна опрема и**
3. **Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори.**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

**Во Скопје, 12.09.2022 година**

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

16-5113/2

13. септември 2022

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение на

заведено во Министерството за транспорт и врски под бр. 16-5113/1 од 13.09.2022 година се уважува.

**Образложение**

До Министерството за транспорт и врски барателот Здружение на граѓани

барање за пристап до информации од јавен карактер со следната содржина:

„Ве молиме да ни ги доставите следните информации:

Броевите на огласите на постапките за јавни набавки спроведени во 2021 и 2022 година во коишто сте побарале од еконосмките оператори некоја од следниве три потврди (а поврзано со точка 169 од записникот од 171. седница на Владата на РСМ, одржана на 16.12.2019 година):

1. Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпад од пакување;
2. Потврда за склучен договор за преземање на обврска за постапување со отпадна опрема која е основа за ослободување од плаќање надоместок за управување со отпадна опрема и
3. Потврда за ослободување од плаќање на надоместок за управување со отпадни батерии и акумулатори."

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со бараните информации.

Имено, Ве известуваме дека Министерството за транспорт и врски во изминатите три години нема објавено огласи какви што се наведени во Вашето барање.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија

Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија

+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 13.09.2022 година под број 16-5113/2 во Министерство за транспорт и врски.

Драган Симоновски
По овластување на министер, лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

( Образец ПП......)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar | | 14. 09. 2022 | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. organiz. | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 16 | 5158/1 | | |

До: Министерство за транспорт и врски
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

______________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

ВРЗ ОСНОВА НА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ ОД 05.08.2021:

1. КОИ ЕЛС ПОДНЕСОА БАРАЊЕ?
2. КОИ ЕЛС ПРИМИЈА СРЕДСТВА ОДНОСНО ИМ БЕШЕ ОДОБРЕНО БАРАЊЕТО И ЗА КАКВИ ПРОЕКТИ, ПОЕДИНЕЧНО?______________________

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
**- б) препис**
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил**
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

20 септември, 2022
арх: бр. 16-5158/2

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен [redacted] доставено преку електронска пошта и заведено во Министерството за транспорт и врски под бр. 16-5158/1 од 20.09.2022 година се уважува.

**Образложение**

До Министерството [redacted] карактер со следната содржина:

„Врз основа на Јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година за поддршка на имплементацијата на„Декатата на Ромите“ од 05.08.2021:

1. Кои ЕЛС поднесоа барање?
2. Кои ЕЛС примија средства, односно им беше одобрено барањето и за какви проекти поединечно?

Во продолжение ти доставуваме одговор на Вашите прашања, изготвен од Секторот за станбено-комунални работи и инфраструктура при Министерството за транспорт и врски:

Врз основа на јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2021 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите од 05.08.2021 година, до министерството беа доставени барања од следните општини: Крива Паланка, Кавадарци, Прилеп, Кочани, Ранковце, Делчево и Шуто Оризари за 2 проекти.

Одлуката за распределбата е објавена во Службен весник на РСМ бр. 269 од 2021 година, а копија од истата Ви доставуваме во прилог.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 20.09.2022 година под број 16-5185/2 во Министерство за транспорт и врски.

Драган Симоновски,
По овластување на министер, лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски

**4295.**

Врз основа на член 93 став (3) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2021 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КУМАНОВО

Член 1

Се дава согласност Владимир Стајиќ да се именува за Почесен конзул на Република Србија во Република Северна Македонија со седиште во Куманово и јурисдикционо подрачје во опфат на територијата на Општина Куманово.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-11974/1
30 ноември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**4296.**

Врз основа на член 86 став (3) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2021 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОТВОРАЊЕ НА ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО СЕДИШТЕ ВО КУМАНОВО

Член 1

Се отвора Почесен конзулат на Република Србија во Република Северна Македонија со седиште во Куманово.

Член 2

Се задолжува Министерството за надворешни работи да ја спроведе оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-11977/1
30 ноември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**4297.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 ноември 2021 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2021 ГОДИНА ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ДЕКАДАТА И СТРАТЕГИЈАТА ЗА РОМИТЕ

Член 1

Средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 307/20 и 171/21), утврдени во Раздел 130.01 Министерство за транспорт и врски, Програма 1 – Администрација, Потпрограма 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, ставка 488-Капитални дотации до ЕЛС, се распределуваат на:

| | ОПШТИНА | денари |
|---|---|---|
| КРИВА ПАЛАНКА | | |
| - | Реконструкција на пристапни патишта во населба Единство, Општина Крива Паланка: пристапен пат од поранешен ловечки дом до м.в. Радевска маала и дел од пристапна улица „Пиринска“ | 2.000.000,00 |
| КАВАДАРЦИ | | |
| - | Доградба на потпорен ѕид (заштита на инфраструктурни линии на улица Клинска) | 2.000.000,00 |
| ПРИЛЕП | | |
| - | Улично осветлување на улица „Дебарца“ | 933.153,00 |
| КОЧАНИ | | |
| - | Изградба на препумпна станица за дел од системот „висока зона на притисок на град Кочани“ | 2.000.000,00 |
| РАНКОВЦЕ | | |
| - | Изградба на улица во село Ранковце-крак 1 | 1.991.274,00 |
| ДЕЛЧЕВО | | |
| - | Реконструкција на дел од дистрибутивна мрежа во градот Делчево,<br>-обиколка за индустриска зона крак 4 | 2.000.000,00 |
| ШУТО ОРИЗАРИ | | |
| - | Реконструкција и подобрување на дел од улица „Хаџи Јован Шишко“ во Општина Шуто Оризари Скопје-II фаза | 2.000.000,00 |
| ШУТО ОРИЗАРИ | | |
| - | Реконструкција и подобрување на дел од улица „Гвадалахара (крак)“ II фаза во Општина Шуто Оризари | 2.000.000,00 |
| | ВКУПНО: | 14.924.427,00 |

( Образец ПП......)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë se Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: | 14. 11. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 16 – | 6194 | 1 | |

**До: Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Вкупни трошоци ( патувања, хотелски сместувања, храна итн. ) за патувањето на тимот на Владата во Абу Даби на 18.10.2022
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

**Во __________, _____202_ година** ______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

25 ноември, 2022
арх. бр. 16-6194/2

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од [illegible] преку електронска пошта и заведено во Министерството за транспорт и врски под бр. 16-6194/1 од 14.11.2022 година делумно се уважува.

**Образложение**

До Министерството за транспорт и врски од страна на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија беше доставена копија од Барање за пристап до [illegible]

[illegible] бр. 7 – Скопје, со следната содржина.

„Вкупни трошоци (патувања, хотелски сместувања, храна итн.) за патувањето на тимот на Владата во Абу Даби на 18.10.2022 година?“

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со дел од бараните информации.

Имено, Ве известуваме дека за учество на Министерсот за транспорт и врски во рамки на владината посета на Абу Даби за сместување и храна беа издвоени средства во износ од 623 евра.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 25.11.2022 година под број 16-6194/2 во Министерство за транспорт и врски.

Драган Симоновски,
По овластување на министер, лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина“ бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

4034 Пренесено до Драган С.

www.facebook.com/lawyersantevski.macedonia

**ДО: Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија**

**Црвена Скопска Општина 4,**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Барање за достава на информација од јавен карактер**

Почитувани,

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/06,86/08,6/10,42/14, 148/15 и 55/16) до насловот - имателот на информациите го поднесуваме барањето за пристап до информации од јавен карактер со кое бараме од имателот на информацијата да ни ја достави следната информација од јавен карактер:

***Називот и бројот на Службен весник во кој е објавен Правилникот (или друг акт) со кој е регулирано кои количества на отровни или заразни материи се сметаат како помало количество и за кои е дозволено превоз на истите, без одобрение за превоз, а согласно со применливите одредби од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.***

*аранама информација ни е потребна за потенцијален клиент (ПЗУ-приватна здравствена установа) која има намера да биде основана и да врши превоз на биолошки материјал/и во земјата и во странство, кои материјали се земени како примероци за лабораториски испитувања и кои вонглавно се состојат од следните материјали:*

***(Serum, EDTA Plasma, Citrate Plasma, CPDA Plasma, Li-Heparine Plasma, Na-heparina plasma,Whole blood, Sputum, Different type of smear, Throat swab, Vaginal swap, Cervikal swab, Urethral swap,Nasal swab, Naso-pharingeal swab, Urine, Feces, Saliva, Ejaculate, Pleural fluid, Peritoneal fluid, Cerebro-spinal fluid)***

*Серум*
*EDTA плазма*
*Цитратна плазма*
*CPDA плазма*
*Ли-хепарин плазма*
*Na-heparina плазма*
*Цела крв*
*Спутум*
*Различен тип на размаска*
*Брис од грло*
*Вагинален брис*
*Цервикален брис*
*Брис од уретра*
*Брис од нос*
*Назофарингеален брис*
*Урина*
*примерок од Измет*
*Плунка*
*Ејакулат*
*Плеврална течност*
*Перитонеална течност*
*Цереброспинална течност*
*како и друг биолошки материјал.*

*Имено, согласно горенаведениот Закон (* Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" бр.92/2007; 147/2008; 161/2009; 17/2011 и 54/2011), Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.254/2009 од 15 септември 2010 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.127/2010), *со истиот е регулирано дека* **Опасни материи" се супстанции или производи за кои превозот е забранет или одобрен само под одредени околности во согласност со Законот** *за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.*

*Согласно член 5 од споменатиот Закон, опасните материи се делат на класи и во опасни материи покрај другите, спаѓаат <u>и класата 6.2. заразни материи, како и класата 9 други опасни материи и производи.</u>*

***Заразните материи законот ги дефинира како материи кои содржат или се сомнева дека содржат патогени елементи. Патогените елементи се дефинираат како микроорганизми (бактерии, вируси, паразити, габи) и други агенси кои можат да предизвикаат заразни заболувања кај луѓето или животните.***

***евоз на опасни материи во патниот сообраќај може да врши домашно правно или ***изичко лице (во натамошниот текст: превозник) кое поседува одобрение за вршење на превоз на опасни материи во патниот сообраќај (во натамошниот текст: одобрение).***
***Во член 51 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, регулирано е следното:***

„За внатрешниот и меѓународниот превоз на отровни или заразни материи потребно е одобрение што го издава Министерството за здравство во согласност со Министерството за внатрешни работи.

**По исклучок, помали количества на отровни или заразни материи наменети за лабораториски и научни цели можат да се превезуваат без одобрението од ставот 1 на овој член.**

**Согласно законската регулатива, Министерот за здравство пропишува кои количества се сметаат како помало количество наменето за лабораториски и научни цели.**

***Во член 63 став 8 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, регулирано е следното: Количеството на опасни материи што можат да се превезуваат со возилата од ставот 6 на членот 63 од Законот, ги пропишува Министерот за здравство.***

***Со оглед дека приватната здравствена установа-дијагностичка биохемиска лабораторија и лабораторија за молекуларна дијагностика, која има намера да врши транспорт на опасните материи (заразни и др.опасни материи) кои се наведени-опишани погоре во ова барање, ќе бидат во помали количини, за кои во моментов не се знае колкави количини, а со оглед дека законската регулатива упатува на акти на Министерот за здравство со кој се пропишани помали количини на опасни материи кои се дозволени и може да се превезуваат без посебно одобрение, со ова барање го замолуваме горенаведениот орган да ни ја достави оваа информација по писмен пат.***

***Доколку во врска со бараната информација постои и некој конкретен подзаконски акт, Ве замолуваме за достава и на писмена информација во врска со:***

*Називот и бројот на Службен весник во кој е објавен Правилникот (или друг акт) со кој е регулирано кои количества на отровни или заразни материи се сметаат како помало количество и за кои е дозволено превоз на истите, без одобрение за превоз, а согласно со применливите одредби од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај.*

Врз основа на член 16, бараната информација бараме да ни биде издадена во писмена форма – во фотокопија и во форма на електронски запис.

Бараме насловот како имател на информација од јавен карактер, да ни ја достави бараната информација во писмена форма - фотокопија по пошта и преку електронска адреса – e-mail и тоа на:

Воедно, напоменуваме дека со наш писмен допис, првенствено се обративме во врска о добивање на бараната информација до Министерството за здравство на Република Северна Македонија, од каде што бевме упатени да се обратиме до Агенцијата за лекови и медицински средства МАЛМЕД, а потоа уследи наше обраќање до Агенцијата за лекови МАЛМЕД, при што од оваа Агенција бевме упатени да се обратиме до Министерството за транспорт и врски на Република Северна Македонија.

Како доказ за ова доставуваме и примерок од Емаил со одговор од Министерството за здравство, како и примерок од одговор од Агенција за лекови и медицински средства.

Доказ:Емаил со одговор од Министерството за здравство од 11.11.2022 година.

Во очекување на Ваш позитивен одговор, однапред Ви се заблагодаруваме.

Скопје, 05.12.2022 година

Подносител на барањето,

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

19 декември, 2022
арх. бр. 16-6670/2

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РМ" бр.124/15), Министерството за транспорт и врски донесе:

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации [redacted] од Скопје, доставено и заведено во Министерството за транспорт и врски под бр. 16-6670/1 од 09.12.2022 година се уважува.

**Образложение**

До Министерството за транспорт и [redacted] барање за пристап до [redacted] со следната содржина:

„Називот и бројот на Службен весник во кој е објавен Правилникот (или друг акт) со кој е регулирано кои количества на отровни или заразни материи се сметаат како помало количество и за кои е дозволено превоз на истите, без одобрение за превоз, а согласно со применливите одредби од Законот за превоз на опасни материи во патниот сообраќај."

Постапувајќи по барањето, Министерството за транспорт и врски како имател на информации констатира дека располага со бараните информации.

Во прилог Ви доставуваме одговор на Вашите прашања, изготвен од Секторот за патен сообраќај и инфраструктура при Министерството за транспорт и врски

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од петнаесет дена од денот на приемот на ова решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Решено на ден 19.12.2022 година под број 16-6670/2 во Министерство за транспорт и врски.

Драган Симоновски
По овластување на министер, лице за посредување со информациите од јавен карактер што ги создало или со кои располага Министерството за транспорт и врски


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена скопска општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Почитувани,

Во врска со вашето барање за информација за превоз на опасни и/или заразни материи кои што би се превезувале во помали количества во патниот сообраќај, а за потребите на приватна здравствена установа Ве известуваме следново:

Согласно законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај ( „Сл.весник на РМ" бр.92/07, 161,09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15, 31/16, 64/18) и (Сл. весник на РСМ бр.288/21) член 51 став 1 одобрение за превоз на отровни или заразни материи издава Министерството за здравство во согласност со Министерството за внатрешни работи. Согласно став 2 од истиот член по исклучок помали количества на отровни или заразни материи наменети за лабораториски и научни цели можат да се превезуваат без одобрението од ставот 1 на овој член.

Согласно член 51 став 3 од горенаведениот закон Министерот за здравство пропишува кои количества се сметаат како помало количество наменето за лабораториски и научни цели.Секако при превозот на ваков тип на опасни и заразни материи потребно е да се почитува став 4 од наведениот член.

Согласно член 53 став 2 за превоз на отровни или заразни материи во патниот сообраќај превозникот мора да поседува сертификат за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи, кој важи за превоз на отровни или заразни материи и сертификат за возилото дека ги исполнува условите за превоз на отровни или заразни материи согласно со одредбите од ADR, а по претходно добиени насоки од советникот за безбедност при превоз на опасни материи во патниот сообраќај.

Согласно член 3 од Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, освен овој закон Ве информираме дека се применуваат и одредбите од Европската спогодба за меѓународниот патен превоз на опасни материи (ADR) која може да ја најдете на страницата на UNECE.ORG.Што значи дека се што не е опфатено и регулирано со Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај е регулирано со АДР спогодбата и истата треба да се применува при превозот на опасни материи во патниот сообраќај.